**Sanja Jovanovic**

---

| | |
|---|---|
| **From:** | Stojan Doneski <stojan.doneski@gmail.com> |
| **Sent:** | Friday, October 3, 2025 11:55 AM |
| **To:** | Sanja Jovanovic |
| **Subject:** | Достава на Информацијата од јавен карактер |

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ
Примено: 03-10-2025
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
03 | 5686/1

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барам да ми се достави следната информација.

Барател: С[redacted] Д[redacted], ул. [redacted] Скопје, [redacted]@gmail.com
[redacted]

Информација од јавен карактер:

1. Кога е предвидено да се пуштат во употреба лифтовите на катната гаража Разловечко Востание?
2. Согласно вашиот одговор од Април оваа година дека се работи на отстранување на утврдените недостатоци на патничките лифтови. Дали отстранувањето на утврдените недостатоци е завршено?
3. Дали во договорот има рокови кои треба да се почитуваат?
4. Кои се казнените одредби за компанијата која врши поправка и одржување на лифтовите ако не ја заврши работата во договорен рок согласно договорот?

Сакам да се запознаам со содржината на бараната информација преку: електронски запис.

Барам информацијата да ми се достави преку: е-маил

Во: Скопје, 23.09.2024.
[redacted]

Поздрав

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-5636/5 | | 13-10-2025 |

До:
[redacted], ул.[redacted]
Скопје

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-5636 /1 од 03.10.2025 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019)во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-5636/4 | | 13-10-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-5636/1 од 03.10.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-5636/1 од 03.10.2025 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со информација за состојба со лифтовите во катната гаража "Разловечко востание".

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање наш арх.бр.03-5636/1 од 03.10.2025 за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со со информација за состојба со лифтовите во катната гаража "Разловечко востание".

ПО Скопје Ви го доставува следниот одговор:

Поради завршување на стариот договор на ден 15.08.2025 година, отворена е нова постапка- Јавна набавка за тековно одржување на лифтови. Набавката е завршена и во тек е потпишување договор со најповолниот понудувач.Откако ќе се изврши потпишувањето на договорот, ќе се пристапи кон отстранување на утврдените недостатоци и пуштање на лифтовите во функција.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска